Николина КЕНИГ

УДК: 316.346.2(075.2)

# НЕПОДНОСЛИВАТА ЛЕСНОТИЈА НА ПОЛОВОТО СТЕРЕОТИПИЗИРАЊЕ: АНАЛИЗА НА УЧЕБНИЦИТЕ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, ИСТОРИЈА И ПРИРОДА И ОПШТЕСТВО ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

*„Седејќи во иста училница, читајќи од исти учебници и слушајќи ги истите наставници, момчињата и девојчињата добиваат многу различни видови образование".* (Sadker & Sadker, 1994)


***Кратка содржина***

*Текстот претставува извештај од анализа на наставните содржини во учебници по предметите Македонски јазик, Историја и Природа и општество за основно образование, од аспект на нивната родова сензитивност. Анализирани се 8 случајно избрани учебници и тоа според фреквенција на појавување на главни машки и женски ликови, активноста на ликовите од двата пола: застапеност на авторки наспроти автори, број на главни машки и женски ликови, улоги во кои се јавуваат машките и женските ликови во текстовите и особините кои им се припишуваат на двата пола.*

*Наодите укажуваат на тоа дека постои во поглед на сите анализирани аспекти, наставните содржини се родово пристрасни. Освен тоа, не е направен никаков обид да се дискутира положбата на жените низ различните периоди или пак борбата за нивна еманципација.*


***Клучни зборови:*** *НАСТАВНИ СОДРЖИНИ, ПОЛОВИ СТЕРЕОТИПИ, РОДОВА СЕНЗИТИВНОСТ.*

## Вовед

Постојат неколку фактори чие делување има моќна улога во формирањето на родовиот идентитет во училиштен контекст: односот на наставниот кадар кон учениците за време на наставата, базиран пред сè на нивните свесни или несвесни очекувања во врска со

момчињата и девојчињата, дистрибуцијата на наставниот кадар според полот[1], општата микрокултура на училиштето и експлицитните и имплицитните пораки кои им се пренесуваат на учениците преку наставните содржини. Во овој труд, фокусот на внимание е насочен токму кон последниот агенс преку кој се формира идентитетот на учениците. На тој начин, индиректно може да се добие генерална слика за состојбата на нашите училишта од аспект на родовата рамноправност која е зацртана како една од важните задачи во процесот на унапредување на основното образование во најмалку два официјални документи: *Милениумските цели за развој* и *Концепцијата за деветгодишно образование на Р. Македонија.* Друга цел на истражувањето е да се создаде основа за креирање нови, родово коректни наставни содржини, кои претставуваат прва појдовна основа во обезбедување на родово сензитивна настава.

## Емпириски истражувања на наставните содржини од аспект на родот

Кај нас, увид во дел од учебниците за основно образование од аспект на третманот на половите е направена во 1999 (Најчевска). Оваа, за жал необјавена анализа на учебниците од пред десетина години, покажала дека во читанките од I до IV одделение постои голем дисбаланс во присуството на машки и женски главни ликови во текстовите и во илустрациите. Девојчињата и момчињата се главно прикажани во родово стереотипна облека и бои. Стереотипноста особено јасно се гледа во прикажувањето на активностите кои ги вршат ликовите на илустрациите: девојчињата и жените се занимаваат со домашни работи или пак се претставени во некаков романтичен контекст додека момчињата и возрасните машки ликови се насликани како активни субјекти (се занимаваат со спорт или работа надвор од домот). Стереотипите се особено изразени во однос на прикажувањето на професиите и глорификацијата на мајчинската улога, паралелно со запоставување на татковската. Отсуството на женските ликови кулминира во учебниците по историја.

Во истражувањето за состојбите во основното образование во Македонија, спроведено на крајот на 2006 за потребите на проектот

[1] Големата диспропорција во застапеноста на жени наспроти мажи во улога на одделенски наставници се смета за сериозен проблем при нудењето на модели за идентификација на момчињата, особено на возраст до 10-11 години (Sadker, 1999). Во повисоките одделенија, бројот на наставници/чки мажи и жени не е толку нагласено нееднаков.

на УНИЦЕФ наречен *Училиште по мерка на детето*, утврдено е дека: 1) наставниот кадар покажува загрижувачки низок степен на осетливост во врска со родовите прашања и нема никаква релевантна дополнителна едукација во врска со тоа, 2) постои јасен проблем на отсуство на модели за идентификација меѓу наставниците за момчињата до десет годишна возраст 3) наставата по физичко образование се одвива на изразено родово пристрасен начин и со двојни пораки упатени кон девојчињата 4) прагот на толеранција на сексуалното вознемирување е висок што особено ги погодува девојчињата 5) вонкурикуларните активности не се во функција на креирање родово-сензитивна култура во училиштата, а пристапот до вонкурикуларните активности, иако на декларативно ниво е слободен за двата пола, во реалност е изразено родово обоен, и 6) содржината на материјалите за учење е многу оптоварена со родови стереотипи како во однос на содржината така и во однос на илустративниот материјал[2].

Разгледувани се и учебниците по литература за средно образование (Шелева, 2004). Констатирана е поразителна ситуација, во однос на застапеноста на авторки, и од аспект на репертоарот на женски ликови застапени во учебниците по литература. На илустрациите во учебниците од првите три години, женската половина од човештвото е претставена со вкупно 6 визуелни репрезентации. Доблестите на жената се сведуваат на нејзината физичка привлечност, работливоста во домашен контекст и мајчинството. Ништо поинаква не е ситуацијата и со женските ликови застапени во лектирите за средно образование (Ангеловска, 2004).

За жал, содржините со кои се среќаваат студентите при обуката на Педагошките факултети досега не се анализирани од родов аспект, наспроти практиката во западните земји (Zittleman & Sadker, 2002) тие постојано да се ревидираат по различни основи, со оглед на тоа дека се сметаат за основен столб врз којшто понатаму ќе се надградува образовниот процес.

## Проблеми на истражувањето

Имајќи предвид дека во процесот на образование се нуди најдобрата можност децата да се социјализираат во духот на одреден конкретен систем на вредности, првото прашање коешто се поставува во истражувањето е: *Какви претстави им се нудат на децата за*

[2] Анализата којашто е изнесена во овој труд, делумно се потпира на податоци од ова истражување.

*улогите на половите низ наставните содржини?* Од ова произлегуваат и следните конкретни проблеми: (а) Имаат ли девојчињата и момчињата еднакви можности да се идентификуваат со ликови кои манифестираат социјално пожелни особини, а се надвор од шемата на родово стереотипната дихотомизација? (б) Кои се имплицитните пораки до учениците во врска со важноста на мажите наспроти жените? (в) Предвидуваат ли наставните содржини и најмали обиди да се деконструираат конвенционалните обрасци на половата дихотомизација?

## Метод

### Примерок

Иако досегашните анализи укажуваат дека не постои сфера во образованието којашто е сосема имуна на родова пристрасност, како најподложни на стереотипизација се идентификувани содржините по предметите Природа и Општество, Историја и Мајчин јазик. Во периодот кога е правено ова истражување, за секој од наведените предмети постојат најмногу 3 различни учебници за секоја возраст, што се одобрени од Министерството за образование, а училиштата прават избор кој од понудените учебници ќе го користат. Од учебниците коишто се на располагање, по пат на случаен избор, за анализирање се извлечени 8 и тоа: *Историја* за VIII, и V одделение, *Македонски јазик* за VIII и VI одделение, *Читанка* за IV, и за II одделение и *Буквар*, како и *Природа и Општество* за II одделение[3].

### *Постапка*

Анализирани се два извори на податоци: илустрациите на текстовите и самите текстови. Притоа, кај илустрациите се сметаат релевантни следниве аспекти: 1) фреквенција на појавување на машки и женски ликови, 2) активноста на ликовите, 3) физичкиот изглед на машки и женски ликови. Во разгледување на содржината, земени се предвид наведениве димензии: 1) застапеност на автори од женски/машки пол, 2) број на главни машки и женски ликови, 3) улогите во кои се јавуваат машките и женските ликови во текстовите и 4)

[3] Целосна информација за избраните учебници е дадена во поглавјето *Анализирани учебници.*

особините кои им се припишуваат. Анализата на содржината на двата извора е квалитативна, делумно поддржана со квантитативни податоци.

## Резултати

### Застапеноста и полот: *Кому му припаѓа светот?*

На најелементарно ниво, родовиот баланс би требало да се рефлектира низ зачестеноста во појавување на двата пола низ содржините и илустрациите. Најсериозна диспропорција во таа смисла е забележана во анализираните учебници по предметот историја. Во Табела 1 е прикажан бројот на мажи наспроти жени кои во текстот се претставени со нивното име. При тоа, како важни за споменување се третираат само 3 жени од овоземскиот живот (Клеопатра, Теута и Мара Нацева) – останатите се божици. Со други зборови, бројот на женски ликови кои се споменуваат во текстовите е толку незначителен, што се стекнува впечаток небаре и не постоеле. Затоа пак, бројот на мажи кои се сметаат за значајни фигури во историјата се искачува до 194, без притоа да се брои дека името на Александар III Македонски се повторува 44 пати само на дваесетина сраници во еден учебник!

Ситуација со илустрациите е слична: не само што диспропорцијата во бројот е огромна, туку и повеќе од очигледно е дека женските ликови се главно анонимни или, пак, суштества од нереалниот свет. Во учебникот за VIII одделение, на ретките илустрации каде што се прикажани жени, тие се ликови од плакати, сопруги на владетели, или анонимни учеснички во некој секојдневен настан (пазарење, прослава). Нешто посериозен третман жените добиваат доколку носат оружје. На неколку групни фотографии се прикажани партизанки, но, само едно женско име се споменува во поглавјата посветени на антифашистичкиот отпор. Таков вид на анонимизирање на хероите – мажи не е забележан; нивните имиња се наведуваат под фотографиите и/или во текстовите. Во целина, сите 33 жени на илустрациите се безимени. Наспроти оваа бројка, илјадници мажи се портретирани во најразлични улоги и тоа во контекст на херојска воинственост или значајни постигања во сите сфери на животот. Во Историјата за V одделение, женските ликови на илустрациите се претставени исклучиво како божества или во контекст на домаќинствата, освен една слика на кралицата Клеопатра којашто во текстот не е асоцирана со никаква важна улога.

Тоа што вреди да биде забележано, а претставува прогрес во однос на идентификациските модели, е дека и во двата учебника, поголемиот број мажи кои се споменувани во содржините се од сферата на уметност и наука. Но, навистина е парадоксално тоа што кога веќе овие области имаат третман како важни, ниту една жена не е издвоена како релевантна фигура за прикажување. Згора на тоа, на учениците ниту во еден наврат не им е експлицитно објаснета положбата на жените во изучуваните историски периоди, ниту се споменуваат движењата за женската еманципација.

**Табела 1.** Застапеност на машки и женски ликови во содржините во учебниците по Историја за V и VIII одделение

| | женски | | машки | |
|---|---|---|---|---|
| **Улога** | Број | % | Број | % |
| Владетели/ки | **3** | 6 | **49** | 94 |
| Божества | **6** | 43 | **8** | 57 |
| Политичари/ки | **0** | 0 | **36** | 100 |
| Научници, уметници | **0** | 0 | **67** | 100 |
| Херои, револуционери | **2** | 5 | **34** | 95 |
| **Вкупно** | **11** | **5** | **194** | **95** |

Ако исклучувањето на жените од историјата е главно последица од неспремноста на авторите-историчари да ја напуштат востановената практиката минатото да го претставуваат низ перспектива на војувања и освојувања (во кои жените ретко земале директно учество), многу е чудно што машките и женските ликови не се барем горе-долу подеднакво застапени како централни ликови во текстовите во читанките односно учебниците по мајчин јазик. Независно од тоа како се опишани, само во учебникот по македонски јазик за VIII и II одделение (Табела 2) нема нагласен јаз во бројот на машки и женски ликови што се носители на главното дејство.

**Табела 2.** Дистрибуција на главни ликови во текстовите

| | I одделение | | II одделение | | IV одделение | | VI одделение | | VIII одделение | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| **женски** | **15** | 33 | **15** | 50 | **7** | 30 | **3** | 20 | **7** | 44 |
| **машки** | **31** | 67 | **15** | 50 | **16** | 70 | **12** | 80 | **9** | 56 |

Згора на тоа, тешко може аргументирано да се брани позицијата дека диспропорционалната застапеност на писатели спрема писателки има каква било оправданост. Ова, особено важи ако се земе предвид и дополнителниот контекст кој на децата јасно им сугерира кој е „поважен". Имено, во учебникот за VI одделение каде што кулминира диспропорционалната застапеност на авторки во однос на автори, ниту една од нив, за разлика од мажите, не е презентирана со куса биографија. Истиот образец важи и за учебникот за VIII одделение – меѓу вкупно 20 фотографии од авторите, нема ниту една фотографија од авторка. Во погорните одделенија, дебалансот дури има тенденција и да расте споредено со ситуацијата во нижите одделенија.

**Табела 3.** Застапеност на машки и женски автори во учебниците по македонски јазик

| | **II одделение** | | **IV одделение** | | **VI одделение** | | **VIII одделение** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| **Авторки** | **14** | 15 | **13** | 22 | **3** | 5 | 7 | 14 |
| **Автори** | 77 | 85 | **46** | 78 | **56** | 95 | **42** | 86 |

## 2. Активност на машките и женските ликови – Што прават девојчињата додека момчињата го освојуваат светот?

Воочлива е и друга, уште посуштинска разлика кога наставните содржини се разгледуваат како извор за родова идентификација: момчињата се нацртани или опишани низ изведбени активности, и тоа стереотипни за полот и возраста (играње фудбал, трчање), додека девојчињата, ако не се статичен декор, тогаш разговараат, си дошепнуваат или помагаат во домашните активности. Во Букварот, уште во првите денови на школувањето, на девојчињата им се на располагање 5 илустрации на нивни врснички коишто работат домашна работа (чистење, месење, носење вода). Таков машки лик не е претставен на ниту една слика во анализираните учебници. Единствен исклучок е учебникот по *Природа и Општество*, во кој воедно има најмалку стереотипни илустрации, каде е прикажано момче што (рака на срце зачудено) се обидува да вклучи правосмукалка.

Активноста на возрасните ликови е најјасно стереотипизирана преку професиите низ кои се илустрирани двата пола. Во учебниците по македонски јазик за нижите одделенија, жената доминира како домаќинка (мајка) и како наставничка. Од Букварот се добива впечаток дека жените работат само како наставнички или домаќинки. Односот наставнички спрема наставници во илустрациите изнесува околу 10:1. Мажите, ако не се во селски амбиент, носат костуми што и да работат.

Во учебникот по природа и општество, освен учителки се претставени се и една службеничка и медицинска сестра. Мажите пак, се доктор, забар, диригент, поштар, полицаец, земјоделец, возач, учител и пекар.

Пораката 'мажите се активни а жените пасивни' се провлекува и низ мнозинството текстови. Како илустрација на ова, може да послужи четивото *Девојчето што плачеше* (Читанка за IV одделение, стр. 38), за кое би можело да се каже дека е современ израз на архетипот за принцот – спасувач. Имено, едно девојче, отфрлено од другарките, немоќно се повлекува и плаче. Писателот доаѓа за да ја утеши и да укаже на фактот дека таа е жртвата на невнимателното однесување на останатите деца. Ова имагото за момче/маж спасител и девојче/жена која треба да биде спасена се провлекува низ сите возрасти.

## 3. Особини припишани на двата пола: панталоните се за храброст, фустаните за убавина

Во читанките за одделенска настава кои што изобилуваат со илустрации, многу е воочливо дека изгледот на момчињата и девојчињата е диференциран преку веќе анахроно романтизирање на девојчињата – на огромното мнозинство илустрации тие се претставени со лелеави фустанчиња, долги коси украсени со речиси неизбежна панделка, окружени со пеперутки, птици и цвеќе. Во Букварот, од 44 женски лика, само 4 носат панталони. Ситуацијата малку се менува во Читанката за IV одделение, каде една четвртина од девојчињата не се облечени стереотипно, но, затоа пак, 4 пати се прикажани како плачат. Букварот изобилува и со визуелен материјал каде девојчињата и момчињата вршат родово стереотипна дејност: на вкупно 13 илустрации девојчињата или помагаат во домот, или играат со кукли или берат цвеќиња, а на 9 илустрации момчињата играат со топка, возат велосипед или рибарат. Интересно е тоа што

единствената слика која излегува надвор од рамките на половите стереотипи, на која едно момченце плаче, одвај е забележлива поради форматот и лоцираноста.

За жал, активната улога на машките ликови во илустрациите не се задржува само на палавости и спортски активности. Во IV одделение, учениците може да видат 12 машки лика кои носат разни видови оружје и кои поради тоа се славени или презрени, во зависност од тоа на која завојувана страна припаѓаат.

Во текстовите во нижите одделенија, девојчињата што се позитивни ликови, воглавно се портретирани како трудољубиви, а кај момчињата се фаворизира храброста. Парадигматични четива за овие стереотипи се *Телевизор, Цуциња во кукаѓа* и *Јане е смел.* Во Букварот, во текстот *Телевизор*, малата Љупка е прикажана како вредна домаќинка која откако го исчистила дворот и ставила цвеќе на масата, (како и секоја домаќинка), по успешно завршената работа го вклучила телевизорот. Од него, восхитените замислени набљудувачи (замена за интроектираната невидлива публика) како да велеле: *„Браво Љуйке! Колку е чисѿо кај ѿебе дома! И цвеќе имаш на масаѿа! Секој ден ќе доаѓаме кај ѿебе на ѓосѿи“* (стр. 83). Малата Ѕвездана пак, го дочекува татко си како „вистинска“ домаќинка, чистејќи пред тој да дојде, и потврдувајќи дека наместо неа, тоа го направиле цуцињата (стр.106-107). Во текстот *Јане е смел*, на момчињата им се праќа експлицитна порака дека мораат да се носат со стравот како знаат и умеат, за да пораснат како „вистински“ мажи. На прашањето на таткото дали се плаши, упатено кон синот кој скокнал од страв на тресокот од вратата бидејќи бил сам во станот, детето без двоумење одговара: „*Не, не ми е сѿрав. Јас сум јунак ѿаѿо*!“ (стр. 80).

Во погорните одделенија, стереотипите стануваат покомплексни. Доблесноста на женските ликови, освен во работливоста (во домот), кроткоста и посветеноста на другите луѓе, почнува да се фокусира на физичката убавина. Една моќна илустрација на односот кон женските ликови е песната *Билјана* во учебникот по македонски јазик за VI одделение. Поетот ја опева убавината на Билјана нагласувајќи ја нејзината младост („*Билјана е езерска девојка млада*“) и работливост („*на Охридскиѿе извори ѝлаѿно бели*“), но и потеклото („*Билјана е чедо на ѝредобра мајка*“), ставајќи јасно до знаење дека овие нејзини квалитети ја прават привлечна за мажите, коишто борејќи се за нејзиното внимание, „*нежно ја нишанаѿ со злаѿни сѿрели*“, а „*винариѿе зданија ѓрадаѿ*“, и „*рибари ја ѝоеле со езерско вино и ја оѝсиѝувале со ѝрескаѝи ѝари*“ (стр. 48). Ако девојчињата кои ја учат оваа песна случајно се посомневаат во централната

важност на нивниот физички изглед, на неколку страници понатаму ќе наидат на извадок од роман, насловен мошне индикативно – *Огледалото, мојот најголем непријател.* Огледалото е непријател на едно четиринаесетгодишно девојче, кое со часови стои пред одразот во него со маки соочувајќи се со својот надворешен изглед. За суровоста на огледалото, девојчето вели: „*И да не сакам, ме тера да си ги откривам деталите што не ми се допаѓаат. На пример, нозете! Што вреди што ми велат дека имам убави, долги и витки нозе како создадени за носење мини здолништа, кога моето огледало јасно и гласно кажува: Бреза, твоите нозе се криви и немој случајно да си помислила да ги покажуваш*[4]." (стр. 60). Во VIII одделение, додека момчињата може да се идентификуваат со широк спектар од социјално вреднувани особини, бидејќи главните машки ликови се писатели, мудреци, татковци кои како глава на семејството носат важни одлуки, спасители и борци, на девојчињата уште во неколку наврати им се потенцира врската помеѓу физичката убавина и фемининиот идентитет. Така, во текстовите каде машките ликови се носители на дејството се среќава: „*најубавата атињанка стоеше до поетот и впиваше возбудлив поглед во неговото високо, бледо чело украсено со лаворов венец... О, прекрасна девојко, зар имаше Атина нешто поскапо од твојот бакнеж да му подари на овенчаниот поет?*" (стр. 48-49), или „*Жално мое девојче, земи ги за утеха, зошто никогаш веќе нема да бидеш толку убава колку што си сега, ти ќе треба да одиш кај другите, а другите имаат само обични зборови, само јас имам песна, но во песната не можам да го кажам твоето име, треба да го кријам со други имиња, без него песната е сиротна*" (стр. 34-35). Дури и татковината има врска со родовите стереотипи- таа, од поетот меѓу останатото е опишана како „*силни момци – боровина / моми – танки в половина!*" (стр. 38). Асоцијацијата помеѓу женскиот принцип и убавината е толку цврста, што еден од мошне ретките текстови каде девојката е прикажана како интелигентна, е илустриран со девојка со долга руса која се смешка и се чешла! (Македонски јазик за VIII одделение, стр. 144).

---

[4] Изборот да се претстави овој текст токму на возраст кога девојчињата навистина го преиспитуваат својот надворешен изглед, сам по себе може да биде и соодветен доколку потоа следи дискусија којашто ќе им помогне на адолесцентките во оформување на здрава слика за себе. Но, овде тоа не е направено. На учениците им се дава, од овој аспект , сосема ирелевантна задача која гласи „*Согледај кога и каде се случил настанот опишан во текстот*" и се бара да размислуваат за следново: „*Кој е раскажувачот на текстот? Каков е* ***неговиот*** *исказ? Определи го* ***јунакот*** *и противникот во текстот? Истакни ги зборовите од кои доби податоци за надворешниот изглед на ликот*" (стр. 60).

Жената сепак има уште една сериозна прилика да биде третирана како носечки позитивен лик доколку не е физички привлечна. Во тој случај, таа е стара, истоштена, сиромашна, но многу вредна и пожртвувана. Еден таков лик е тетка Марија, која иако *„малку подзгрбавена, потсвиткана, лете со стар, црн фустан и зиме со изветвен џакет облечена*", успева да биде омилен лик меѓу сограѓаните, бидејќи, *„Ќе има ли некаде крштевање – викнете ја тетка Марија! Ќе има ли умирачка – пак тетка Марија е тука!... Никој поубаво од неа не го знаеше редот за секаков случај и за радост и за жалост*". (Македонски јазик за VIII одделение, стр. 25). Слично, сиромашната старица Митра заслужува да стане главен лик со тоа што била стрелана за да ги ослободи заробените партизани (Читанка за IVодделение, стр. 62).

Најнакрај, тука е секогаш мајчинството, оптоварено со толку идеализации што и кај најскептичните читатели ќе се избрише сомнежот во дека во улогата на мајка, секоја жена станува суштество вредно за обожавање. Мајчинството е несомнено важно, но, родителската улога на мажите не се третира како еднакво релевантна во учебниците. Само во Букварот, илустрација на мајка се појавува 11 пати, а на татко, 4 пати. Во IV одделение има 4 илустрации на мајки и ниту една на татко. Притоа, мајката има активна улога во домот, а таткото е оној, кој, веројатно уморен од работење надвор од дома, е попасивен во семејниот контекст. Мајките се нежни и простуваат, а татковците се строги или се декор на семејниот амбиент. Или, како што на учениците во IV одделение им сугерира песничката: *„Попладне, татковците / еден по еден по ручекот ќе слезат / и веднаш, како трета смена, / се собираат под широката бреза: / Тие што бистрат политика – бистрат, / а двајца, бездруго стојат замислени и неми, / тропаат со фигурите по шаховската табла / и само кратко ќе речат: реми! / Е, повечерум на брезата лисјето/ од срека танцуваат/ кога мајките, за добра ноќ, / своите мили деца ги бакнуваат*" (стр. 135).

Мајчинството како важна улога на жената треба да се валоризира, но, не без да се постави прашањето за тоа каква слика за таа улога се интроектира кај децата. Пред сè, избирани се содржини во кои мајките се претставени како пожртвувани, секогаш подготвени да удоволат на потребите на децата и семејството. На покасна возраст, децата се соочуваат и со „мрачната" страна на мајчинството – недвосмислениот консензус дека мајката треба да биде подготвена бескомпромисно да страда за доброто на своите деца. Се праќа и пораката дека на оваа љубов децата треба да возвратат реципрочно.

Во таква улога, случајно или не, нема претставен татко. Но, судејќи според содржините во анализираните учебници, тоа се случува само доколку се работи за биолошка мајка. Ако е маќеа, сигурно е олицетворение на злото. Во неколку народни приказни низ учебниците, учениците се запознаваат со манипулативноста и злобните предумисли на маќеите, кои кулминираат во песната *Залубиле се две луди млади.* Унесреќена од вљубеноста на младите маќеата, ни помалку ни повеќе, ги убива: „*...ми дочула кучка маштеа, та ми отишла на нови пазар, та ми купила горка зеера, та ми отрула две луди млади*" (Македонски јазик за VIII одделение, стр. 149).

Единствено во учебникот по природа и општество, не е забележан дисбаланс во фреквенцијата на мажи и жени во родителска улога. Но, крајно време е да се размислува за тоа дали е оправдано, како што тоа е направено во овој учебник, кога се зборува за семејство, на децата како единствен модел да им биде прикажано само семејство со два родитела, баба и дедо. Не постои никаков обид да се проговори за тоа дека и семејствата со еден родител или згрижувачките семејства се еднакво валидни и соодветни.

Најнакрај, во ниту еден од учебниците не постојат обиди за воведување на родово коректен јазик. Така, авторите и на момчињата и на девојчињата постојано им се обраќаат со „*драг ученику...*" или, на пример, им даваат задачи од типот: „*Опиши како било кога си се родил.*"

## Дискусија

Во споредба со анализата направена во 1999 (Најчевска), се забележува благ тренд на опаѓање на родовата несензитивност, но само од неколку аспекти, и тоа во оние коишто може да се интервенира без премногу напор. Имено, соодносот на машки и женски ликови носители на дејство, како и на авторки и автори не е толку асиметричен како пред десетина години. Но, особините припишани на главните ликови во зависност од полот, стереотипноста на илустрациите и глорификацијата на мајчинството наспроти пренебрегнувањето на татковството, останале релативно непроменети.

Влијанието на вака конципираните наставните содржини врз развојот на родовиот идентитет на децата досега е многупати дискутирано и останува важна задача тоа да се прави и во иднина. Меѓутоа, она што во овој текст понатаму ќе биде изложено и дискутирано, се најраспространетите изговори со кои ситуацијата во врска со

родово рамноправниот третман во наставните содржини се држи во status quo позиција.

**Мит 1.** *Жените не се застапени во историјата, бидејќи не можат да се најдат женски ликови коишто направиле некаков цивилизациски вреден подвиг.*

Овој тип на рационализација не е валиден дури и во случај кога историјата се дефинира и прикажува онака како што тоа се прави во учебниците – како серија на војувања и освојувања. Изоставувањето на имиња на жени е направено и во сферите каде што тие de facto биле присутни, како на пример во народно-ослободителната војна, во револуционерните и социјалните движења или уметноста и културата. Свеж пример се напорите на една македонска уметница, да ги извади од анонимност Накие Бајрам и Роза Плавева, двете активистки за женската кауза од почетокот на дваесеттиот век.

Отсуството на имиња на значајни жени во учебниците по историја е веројатно една од најсуптилно скроените пораки до девојчињата дека во реалниот свет тие не ќе најдат свои хероини за идентификација[5], освен можеби, естрадните ѕвезди околу кои „се дига најмногу прашина".

**Мит 2.** *Диспропорцијата во застапеност на писатели наспроти писателки доаѓа од малиот број постоечки писателки, особено за погорните возрасти.*

Оваа констатација едноставно е неточна. Политиката на намерна или ненамерна селекција на тоа кој автор/ка ќе биде преведуван/а, не ја одразува реалната пропорција на писател(к)и кои можат да им бидат претставени на децата.

**Мит 3.** *На ликовите им се припишуваат родово стереотипни особини и се прикажуваат во родово стереотипни улоги затоа што едноставно, тоа е така во реалноста. Неприродно би било, реалноста да се извртува.*

Навистина е нејасно зошто токму оваа сфера мора да им се прикажува на учениците онаква каква што е, без да се прават обиди да се укаже на тоа каква би можело да биде. Во други области на човековото живеење, како што се на пример, чувањето на природната околина, другарството, почитување на сообраќајните правила и слично, децата многу поексплицитно се водат во насока на посакувано наспроти реалистичното однесување. Таква јасна определба за

[5] Во спомнатото истражување на УНИЦЕФ, беше констатирано потполно отсуство на хероини во училишната иконографија. Во сите истражувани училишта, единствен женски лик којшто можеше да се сретне меѓу стотици машки поставени во холовите и училниците е портретот на мајка Тереза.

родова рамноправност, намерно или случајно, не постои ниту во трагови во анализираните учебници. На пример, во учебникот по Природа и општество се вели дека *сите се грижат за бебето, а најмногу мајката*, или дека *сите учествуваме во домашните работи*, но не се дискутира фактот дека како и колку ќе се учествува во најголем број случаи е дефинирано со полот, иако **може** и поинаку. Се на се, текстовите и илустрациите немаат функција само на одразување на реалноста – тие, истовремено и ја конструираат. Со следењето на принципот на „одразување на реалноста", децата од најмала возраст добиваат силна порака за *природноста* и *фиксираноста* на родовите улоги, особено тие на мажите.

Во моделот *Училиште по мерка на детето* на УНИЦЕФ, се инсистира во наставните содржини, освен т.н. *огледала* (одрази на реалноста) за родовите улоги и особини, да се вметнуваат што е можно повеќе т.н. *прозорци* (содржини кои се предизвик за родовите стереотипи). Во анализираните учебници, многу ретко, но сепак, се среќаваат вакви случаи и треба да бидат нагласени за да може да се користат во создавањето нови наставни содржини. На пример, родово нестереотипни се две-три илустрации каде девојчиња играат топка заедно со момчињата или пак засадуваат дрвца. Слично, *Пипи Долгиот чорап* (Читанката за IV одделение) и *Девојчето што го положи испитот на хуманоста и храброста* (Читанката за VIII одделение) отстапуваат од имагото за немоќни, нежни и расплакани убавици коишто чекаат спас од некое храбро момче. Но, вакви женски ликови не се ништо ново. Она што навистина недостасува и мора да добие влез во наставните содржини е релативизирањето на стереотипот врзан за машките ликови. Имено, потполното отсуство на машки ликови коишто вршат родово нестереотипна дејност во домот, татковци кои се грижат за бебиња или барем им помагаат на децата во пишување домашни задачи, машки ликови на кои им е дозволено да бидат уплашени, ранливи, или да плачат може да се третира како уште посериозен проблем од отсуството на женски ликови претставени во некоја сфера од јавниот живот или игнорирањето на фактот дека постојат жени кои дале важен придонес за човештвото.

**Мит 4.** *Родово коректниот јазик не се употребува бидејќи непотребно го усложнува текстот.*

Укажувањата на политичката некоректност при изразувањето исклучиво во машки род, многу често се пренебрегнуваат со користење на рационализацијата дека доколку во текстот се употребат суфикси и за двата рода одеднаш, тој ќе стане нечитлив и оптоварен со непотребни додатоци. Освен тоа, се смета дека за женскиот дел од

читателите е многу природно да се игнорира таквата „ситница", бидејќи и во секојдневниот говор обраќањето се прилагодува на идентичен начин.

Најповршниот одговор на ваквиот начин на размислување лежи во правењето приоритети – ако се смета дека едноставноста во пишувањето е поважно од родовата коректност, тогаш таквиот пристап е оправдан. Притоа, не треба да се заборави дека принципот на едноставност би важел и тогаш кога наместо *само* во машки род, обраќањето или заменките може да се прават и само во женски род. Но, нормативноста на маскулиноста упорно се одржува низ дискурсот дури и во ситуации кога аргументот за усложнување воопшто не важи. Бидејќи форматот на овој напис не дозволува развивање на посериозна аргументација околу ова прашање, ќе биде наведен само еден пример кој е повеќе правило отколку куриозитет. Во еден од учебниците, веднаш под името на писателката на текстот, поставено е вакво прашање за учениците: „*Да му веруваме ли на писателот дека ова е вистинска случка?*" Се разбира, претпоставката дека на писателката нема да и пречи што е писател, се прави автоматски. Обратната ситуација, сигурно би се прогласила за крајно невкусна.

(Рецензент: *проф. д-р Виолета Петроска-Бешка*)

## ЛИТЕРАТУРА


Ангеловска, Д. (2004). Анализа на средношколските лектири од родова перспектива. Во *Подигање на свеста во врска со родовите прашања во средните училишта во Република Македонија*, Скопје: Евро-Балкан Прес, 37-43

*Концепција за деветгодишно воспитание и образование* (2007). Скопје: Министерство за образование

Најчевска, М. (1999). *Еднаквоста на половите во курикулумот*. Необјавен извештај подготвен за УНИЦЕФ

*Millenium Development Goals 2.* (2005). Government of the Republic of Macedonia, Skopje

Sadker, D. (1999). Gender Equity: Still Knocking at the Classroom Door. *Educational Leadership,* vol. 56/4, XX-XX.

Sadker, D. & Sadker, M. (1994). *Failing in Fairness: How Our Schools Cheat Girls.* Toronto: Simon й Schuster Inc.

УНИЦЕФ (2006). *Училиште по мерка на детето: Иницијална состојба во Македонија,* публикација за интерна употреба

Шелева, Е. (2004). Анализа на наставните содржини од предметот Мајчин јазик и литература. Во *Подигање на свеста во врска со родовите прашања во средните училишта во Република Македонија*, Скопје: Евро-Балкан Прес, 33-36


### Анализирани учебници


Велковски, В., Сејди, Х., Аљадеми, А, Ристеска, Д., и Павловски, Ѓ. (2006). *Историја за VIII одделение*, Скопје: Просветно дело, II издание

Велјановски, В. (2003). *Македонски јазик за VIII одделение*, Скопје: Просветно дело

Делчев, Ѓ. (2006). *Буквар*. Скопје: Просветно дело, XXI издание

Ефтимова, Л. и Стојанова, А. (2006). *Македонски јазик за VI одделение*, Скопје: Македонска Искра, III издание

Јанушева, Д. и Велјановски, В. (2003). *Читанка за II одделение*, Скопје: Просветно дело, V издание

Јанушева, Д. Никодиновска, Б.(2006). *Природа и општество за II одделение* Скопје: Просветно дело, VII издание

Митревски, Б. и Тодоровски, Т. (2005). *Историја за VI одделение.* Скопје: Македонска искра

Синадиновска, О. и Стојанова, А. (2005) *Читанка за IV одделение*, Скопје: Просветно дело, V издание

Nikolina KENIG

# THE UNBEARABLE EASINESS OF SEX STEREOTYPING: ANALYSIS OF THE TEXTBOOKS FOR MACEDONIAN, HISTORY AND NATURE AND SOCIETY FOR ELEMENTARY EDUCATION

**Summary**

*The article is a report of the analysis of the content of the textbooks for Macedonian, History and Nature and Society for elementary education from the perspective of their gender sensitivity. Eight randomly selected textbooks were analyzed in terms of the frequency of appearance of males or females, the activity of the two sexes, partaking of female and male authors, the number of main male or female characters in the texts, the roles attributed to both sexes as well as the personal traits ascribed to them according to their sex.*

*The results show that the textbooks contents are gender biased from the perspective of all aspects that were analyzed. More over, no effort has been made to discuss the status of women throughout different historical periods, as well as their struggle for emancipation.*

***Keywords:*** *TEXTBOKS, SEX STEREOTYPES, GENDER SESITIVITY.*